ДС СМИТХ
-АД- Скопје
Бр. 03-1247/5
17-05 2018 год.

Врз основа на член 60 и член 63 од Статутот на Друштвото за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ АД Скопје, Управниот одбор на Друштвото објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ

1. **СЕ СВИКУВА** Годишно Собрание на акционери на Друштвото за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ АД Скопје, со седиште на ул.1632 бр.1, Скопје – Гази Баба, Република Македонија, за ден 25.06.2018 година (Понеделник) во 10.00 часот.
2. Свикувањето на Собранието на Друштвото да се изврши со објавување на Јавниот повик до акционерите во дневниот весник "**Нова Македонија**".
3. Седницата на Собранието ќе се одржи во Хотел Александар Палас, во Сала 2 на мезанин.
4. За седницата на Собранието се предлага следниот

## ДНЕВЕН РЕД

### I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:

1. Отворање на Собранието;
2. Избор на Претседавач на Годишната седница на Собрание на акционери;
3. Избор на Нотар - Записничар на Собранието;
4. Избор на бројачи на гласови;
5. Утврдување на дневен ред од работниот дел;

### II. РАБОТЕН ДЕЛ:

1. Усвојување на Записник од претходната седница на Собранието на акционери на Друштвото одржано на ден 30.08.2017 година;
2. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работата на Друштвото за претходната деловна година;
3. Разгледување и усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за период од 01.01.2017 - 31.12.2017 година;
4. Разгледување и усвојување на Годишен Извештај на Надзорниот Одбор за работата и раководење со Друштвото во 2017 година;
5. Разгледување на работата на членовите на Управниот и Надзорниот одбор за 2017 година;
6. Усвојување на Извештај за економско - финансиската ревизија за работењето на Друштвото изработен од Ревизорската куќа (ДИЛОИТ ДОО од Скопје) за период од 01.01.2017 - 31.12.2017 година;
7. Одлучување за распределба на добивката на Друштвото;
8. Избор на ревизорска куќа за 2018 година;

Собранието може да одлучува само за прашања коишто се уредно ставени на дневен ред. Собранието може да расправа, без право на одлучување и за прашања кои не се ставени на дневен ред.

Акционерите имаат право - можат:

1. Да поднесуваат иницијатива вклучување нови точки во дневниот ред;
2. Да поставуваат прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието на Друштвото;
3. Ако поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки на дневен ред ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка;
4. Ако поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на Собранието на Друштвото;

Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на Собранието, предлагањето на одлуки за усвојување, како и поставувањето на прашањата се праќа до Управниот одбор на Друштвото, во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седница на Собранието на Друштвото.
Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на свиканото Собрание, Управниот одбор го објавува на ист начин како и дневниот ред на седницата на Собрание што е веќе свикано.

Секој акционер кој има намера да учествува на Собрание е должен да го пријави своето учество, најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание (пријава за учество на Собрание).

Акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седница на Собрание на Друштвото, коешто ќе учествува и ќе гласа на седницата на Собранието во негово име. Акционерите можат да овластат полномошник на седница на Собрание на Друштвото со давање полномошно во писмена форма без обврска да го заверат полномошното кај Нотар.
Акционерот мора да го информира акционерското друштво по писмен пат за назначувањето на свој полномошник на седница на Собрание на друштвото. Акционер кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Онаму каде што полномошното не содржи ограничувања или инструкции за гласање, полномошникот може да гласа по сопствена определба, но секогаш водејќи сметка за интересите на акционерот кој му го дал полномошното.
Полномошникот мора да води запис за добиените инструкции за гласање и да ги чува најмалку една година од денот на одржувањето на седницата на Собранието на Друштвото на која тој учествувал и гласал, како и да потврди дека ги извршил тие инструкции.

Образецот на полномошното е достапен за преземање од интернет страницата на Друштвото. Акционерот може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма.

Собранието може да работи (кворум за работа) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број акции со право на глас. Собранието одлучува со мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието, освен ако со закон и статут не е определено поголемо мнозинство.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието на Друштвото.
Одговорите на поставените прашања на седницата на Собранието, Друштвото ќе ги објави на својата интернет страница согласно закон.

Ако дојде до прекин на седница на Собрание што започнало со работа, присутните акционери на седницата на Собранието можат да одлучат собранието да продолжи со работа во време и место коешто се определува со мнозинство гласови од кворумот за работа на Собранието. Одложувањето не може да биде подолго од осум дена од денот на прекинот.

Акционерите можат, секој работен ден од 10-12 часот:

- да извршат увид во целокупниот материјал за закажаната седница на Собранието;
- да подигнат материјал потребен за седницата на Собранието на Друштвото во архивата на Друштвото, ул.1632 бр.1, Скопје – Гази Баба, Република Македонија.
- на официјалната интернет страница на Друштвото; www.dssmith.mk; да ги најдат сите потребни информации во врска со одржувањето и учество на седницата на Собранието и сите детални информации за начинот на предлагање точки на дневниот ред;
- поставување прашања и предлагање одлуки од страна на акционерите;
- На email: office.skopje@dssmith.com и ferida.colakovic@dssmith.com да побараат информации за седницата на Годишното Собрание.

**ДС СМИТХ АД Скопје**

Друштво за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ -АД- Скопје